Врз основа на член 50 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр.84/2020 и 202/2024) и член 90 од Статутот на општина Македонска Каменица („Сл.гласник на општина М.Каменица“бр. 20/2019, 38/20 и 33/24), Градоначалникот на општина Македонска Каменица донесе:

З А К Л У Ч О К
За прогласување на Буџетски календар

1. Се прогласува Буџетскиот календар за подготовка и донесување на Буџетот на општина Македонска Каменица за 2027 година.
2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на општина Македонска Каменица“.

Бр.09-3369/1
29.12.2025 г.
М.Каменица

Градоначалник
Соња Стаменкова с.р

Врз основа на член 27 точка 4 од Законот за финансирање на единиците на локална самоуправа („Службен весник на Р.Македонија“ број 61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15 и 209/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 244/19, 53/21, 77/21, 150/21, 173/22, 170/24, 37/25) и член 20 од Статутот на општина Македонска Каменица („Службен гласник на општина Македонска Каменица“ број 20/19, 38/20, 33/24), Советот на општина Македонска Каменица на 4^{та} седница на одржана на ден 29.12.2025 година донесе:

БУЏЕТСКИ КАЛЕНДАР

За подготовка и донесување на Буџетот на општина Македонска Каменица за 2027 година

Ред. бр.	Буџетски активности	Период/месец
1.	Изготвување на буџетски календар и одобрување од страна на Советот на општината.	Декември 2025 година – март 2026 година
2.	Министерот за финансии доставува	Најдоцна до 30

	Буџетски циркулар во кој се содржани главните насоки за изготвување на општинскиот буџет за наредната година, со дадени максимални износи на сопствени приходи во основниот буџет и висината на наменските и блок дотации.	септември 2026 година
3.	Градоначалникот и Одделението за финансиски прашања се состануваат за да ги одредат приоритетите и одредбите на буџетот за наредната година. Се прави анализа на финансискиот капацитет на општината – проценка на сопствените приходи и капацитети. Се прави комуникација со клучните одделенија во општината се со цел да се утврдат нивните фискални потреби (буџетски трошења) и со тоа да се определат целите / приоритетите / активностите на секое од општинските одделенија.	Октомври 2026 година
4.	Се изготвува предлог на план на програми за развој за Буџетот на општина Македонска Каменица за 2027 година и Градоначалникот го доставува до Советот на општината за усвојување	Најдоцна до 20 октомври 2026 година
5.	Советот на општината го донесува Планот на програмите за развој на Буџетот на општина Македонска Каменица за 2027 година.	Најдоцна до 15 ноември 2026 година
6.	Општинската администрација доставува прегледи за висината на блок дотација за пренесени надлежности за 2027 година и барања до единките корисници за доставување на нивни предлог буџети за 2027 година.	Ноември 2026 година
7.	Одделението за финансиски прашања изготвува предлог општински буџет врз основа на предлозите од општинската администрација и единките корисници, се одржуваат разговори и состаноци за разгледување и утврдување на предлог буџетите од општинската администрација и нивно усогласување со дадените насоки во Буџетскиот циркулар од Министерството за финансии.	Ноември/декември 2026 година
8.	Градоначалникот го разгледува и одобрува Предлог–Буџетот подготвен од страна на Одделението за финансиски прашања.	Ноември/декември 2026 година
9.	Предлог – буџетот се доставува до Советот за негово разгледување и усвојување.	Декември 2026 година
10.	До Советот се доставува конечен предлог-буџет од страна на Градоначалникот.	Декември 2026 година
11.	Се води расправа во телата на општината.	Декември 2026 година

12.	1.Се одржува седница на Советот на општината за донесување на буџетот за наредната година; 2.Доколку Советот не го усвои предлог-буџетот се донесува одлука за времено финансирање согласно член 28 став 2 од Законот за финансирање на единиците на локална самоуправа („Службен весник на Р.Македонија“ број 61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15 и 209/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 244/19, 53/21, 77/21, 150/21, 173/22, 170/24, 37/25).	Декември 2026 година
13.	Започнува нова Буџетска година	01 јануари 2027

Буџетскиот календар влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Македонска Каменица“.

Бр. 08-3370/1
29.12.2025 г.
М.Каменица

Совет на општина М.Каменица
Претседател
Злате Алексовски с.р